**20160020092**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10 и 135/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.1.2016 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2016 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2016 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 12.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку грантови за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

| | Опис на приоритет | Вкупен износ во денари | Број на грантови | Износ на средства по грант |
|---|---|---|---|---|
| I | Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, преку:<br>• Подобрување на конкурентноста на македонските производи;<br>• Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и зголемување на енергетската ефикасност;<br>• Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги;<br>• Промовирање на семејството и креирање политики за поддршка на семејството;<br>• Зајакнување на концептот за родова еднаквост и недискриминација во буџетските политики на национално и локално ниво и унапредување на еднаквите можности на сите нивоа;<br>• Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување на здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението;<br>• Поттикнување на развојот на културата во насока на создавање естетски плурализам на уметничките вредности со јакнење на едукативната, забавната, економската, кохезивната и другите димензии на културата;<br>• Континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје;<br>• Планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства;<br>• Развивање на институционалните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот;<br>• Развој на концепти на општествена одговорност и унапредување на општествено одговорни практики. | 7.500.000,00 | 25 | 300.000,00 |
| II | Интеграција на Република Македонија во Европската унија и НАТО, преку:<br>• Натамошен развој на европските демократски вредности во процесот на пристапување;<br>• Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политики. | 1.500.000,00 | 5 | 300.000,00 |
| III | Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото, преку:<br>• Јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал;<br>• Јакнење на владеењето на правото;<br>• Создавање на ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи. | 1.500.000,00 | 5 | 300.000,00 |
| IV | Инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање општество базирано на знаење преку:<br>• Осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на труд и развој на економијата;<br>• Развој и примена на информациските технологии во сите сегменти на живеењето;<br>• Намалување на дигиталниот јаз со создавање олеснети услови за пристап до информатичко комуникациски технологии и зголемување на информатичко-комуникациските вештини на граѓаните. | 1.500.000,00 | 5 | 300.000,00 |

3. Постапката за распределување на средствата од точка 1 од оваа програма ќе се спроведе согласно на добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Македонија, утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

4. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности ќе доставаат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, најдоцна до 31 јануари 2017 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2017 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-12611/1-15
5 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.